Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 05 – 3012/8
05.08. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за трговија и услуги
ЗОТОКС ДООЕЛ
Бр. 0307/137
06.08 2025 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

**за набавка на услуги**

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Национална установа Националнаопера и балет со седиште во Скопје, ул. Гоце Делчев бр. 4, застапувана од Директор Оливер Арсовски (во понатамошниот текст *договорен орган*) од една страна,

и

2. Друштво за трговија и услуги Зотокс дооел Скопје, со седиште на ул. Ботун бр. 31а Скопје, со ЕДБ МК 4030003470076, матичен број 5732603, жиро сметка 300000001630606 Комерцијална банка АД Скопје, застапувана од директоротЗоран Зафировски(во понатамошниот текст *Носител на набавката*) од друга страна.

II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на услуги – Дератизацијата, Дезинфекцијата и Дезинсекцијата, за потребите на договорниот орган согласно понудата доставена по огласот за набавка од мала вредност бр. 13329/2025. Точната површина ќе биде утврдена со записник за извршена услуга.

III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната цена на услугата,согласно понудата на Носителот на набавката вклучувајќи ги сите трошоци и попусти износува 130.000,00 денари без ДДВ.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува 23.400,00 денари.
Вкупната вредност на договорот со пресметан ДДВ изнесува 153.400,00 денари.
Не е предвидена корекција на цените,односно цените искажани во понудата на Носителот на набавката ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот.

V. НАЧИН, УСЛОВИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Се предвидува следниот начин на плаќање: 30 дена по доставена оригинална фактура во архивата на договорниот орган.
Уредно потпишаната испратница за извршена испорака претставува основ за плаќање на доставената фактура.

VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ВАЖНОСТА НА ПОНУДАТА

Член 5

Договорот е со важност до целосно извршување на услугите предмет на овој договор, и извештај за извршени услуги.

## VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 6

Носителот на набавката е должен да ги испорача услугите предвидени во договорот за јавна набавка, на начин утрврден во тендерската документација, по претходен договор со овластено лице од договорниот орган, а во зависност од програмското работење на установата, во рок од 10 дена од почетокот на извршувањето на услугите.
Носителот на набавката е должен да изврши контрола на успешноста на спроведената постапка и за истата да достави до договорниот орган, Извештај со потпис и печат од изведувачот на ДДД. При извршувањето на услугата за ДДД е должен да се придржува на се што е утврдено со техничките спецификации, по однос на прописите кои поблиску ги уредуваат начинот и средствата за вршење на ДДД.

## VIII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

Во случај на задоцнување при извршување на услугите предвидени во техничката спецификација, по вина на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна-пенали, но не повеќе од 5% од вредноста на неизвршените услуги.

## IX. ВИША СИЛА

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна повреда,губиток или неизвршување на услугите предмет на овој договор, предизвикани од виша сила. Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

## X. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 10

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, а во колку тоа не е можно, спорот ќе се решава Основниот граѓански суд во Скопје.

## XI. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.
Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат. Договорот ќе се смета за раскинат со самото доставување на отказот.

Член 12

Договорот не може да се раскине поради незначителен дел од обврската.

Член 13

Со раскинување на договорот двете страни се ослободени од своите обврски, освен од обрската за надомест на штета.

## XII. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 14

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

XIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 15

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

XIV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.
Договорот може да се менува со Анекс - Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 17

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои два за носителот на набавката, а четири за потребите на договорниот орган.

Договорен орган
НУ Национална опера и балет,
Директор
Оливер Арсовски

Носител на набавката

Зотокс ДООЕЛ
Зоран Зафировски

Date: 2025.07.25 15:10:25 +02:00

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Скопје - Shkup

| Примено: E pranuar: | 30-07. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 05 | 3224/1 | | |

**Образец на понуда**

Врз основа на огласот 13329/2025 објавен од страна на Национална установа Национална опера и балет, за Дезинсекција, дезинфекција и дератизација, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

Архивски знак: Shenja arkivore: 0507
Рок на чување: Afati i ruajtjes: 5 г.
300725 година viti 07

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: Друштво за трговија и услуги ЗОТОКС ДООЕЛ Скопје
I.2. Контакт информации

- Адреса: БОТУН 31-А
- Телефон:02 3226-043
- Факс: 02 3290-015
- Е-пошта: zoran@zotoks.com.mk
- Лице за контакт: Зоран Зафировски

I.3. Одговорно лице: Зоран Зафировски

I.4. Даночен број: 4030003470076

I.5. Матичен број: 5732603

I.6 Жиро сметка:300-0000-016-306-06

I.7 Банка Депонент:Комерцијална Банка Скопје

**<u>Елементи на понудата</u>**

- Документ за регистрирана дејност

- Лиценца/дозвола/потврда како доказ дека се исполнети посебните услови за вршење на дејноста пропишани со закон

- Изјава за сериозност
- Техничка понуда
- Финансиска понуда

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

# Дел I Финансиска понуда

Врз основа на огласот 13329/2025 објавен од страна на Национална установа Национална опера и балет, за Дезинсекција, дезинфекција и дератизација, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

# Финансиска понуда

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 90670000 -4 | Набавка на услуги за Дезинсекција, дезинфекција и дератизација | Метар Квадратен | 13.000,00 | 10,00 | 130.000,00 | 23.400,00 | 153.400,00 |
| | | | | **Вкупно** | 130.000,00 ден | 23.400,00 ден | 153.400,00 ден |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **130.000,00** (**сто и триесет илјади**) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **23.400,00** денари.

I.1 Го прифаќаме начинот на испорака утврден во тендерската документација.

I.2 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

I.3 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

I.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*